РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Министерство за труд и социјална политика**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број 04-9147/1
5.11.2014 година
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000; 44/2002; 82/2008; 167/2010 и 51/2011), Министерот за труд и социјална политика, на 5.11.2014 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика

### Член 1

Во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика број 04-8093/1 од 12.12.2012 и Правилниците за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика број 04-4013/1 од 22.05.2014, број 04-5778/1 од 17.07.2014 во член 6 став (1), во точкате 8. "СЕКТОР ЗА ТРУД" се менува називот на организациската единица и истиот гласи: "СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ"

### Член 2

Во дел „IV Надлежноста на организационите облици“, во членот 14, во став (1) зборовите "СЕКТОР ЗА ТРУД" се менуваат со зборовите: "СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.

### Член 3

Согласно извршените изменувања и дополнувања во интегралниот текст во Правилникот, се вршат изменувања и дополнувања и во графичкиот приказ на организационата поставеност на Министерството за труд и социјална политика (органограм), кој е составен дел на истиот правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува и ќе се објави на огласната табла, како и на интернет страницата на Министерството за труд и социјална политика, по добиената писмена согласност од Агенцијата за администрација.

Број 04- 9147/1 МИНИСТЕР,

5.11. 2014 година Диме Спасов

С к о п ј е